ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **24.12.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** - Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет **Биљана Тасевска** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Градоначалник</u>**

Дадени се информации, задолженија и насоки за повеќе тековни активности и активности кои се предвидени за тековната работна недела и тоа:

- Посета на Амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, неговата Екселенција Кристијан Тимоние , остварена на ден 19.12.2018 година и резиме за донесените заклучоци, кои произлегуваат од одржаните работни состаноци;
- Најава за потпишување на Договор за санација на Детска Градинка „Детелинка“;

- Задолженија за организација на повеќе настани во врска со предновогодишните активности и посети на Детската градинка, Дневниот центар за деца со посебни потреби и Ученичкиот Дом, како и организација на предновогодишен прием со коктел во Кабинетот на Градоначалникот;
- Задолженија и насоки во врска со организацијата на Седница на Советот на Општина Крива Паланка, предвидена за ден 28.12.2018 година;
- Задолженија и насоки за организација на Новогодишна програма на ден 29.12.2018 година;
- Насоки за организација на манифестација „Прогласување на најуспешен пожарникар и полицаец за 2018 година“;
- Координација за термин за поднесување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година во Министерството за финансии, најдоцна до 31.12.2018 година;
- Други тековни задолженија и информации;

---

**Секретар**

Тековни информации во врска со функционирањето на општинската администрација, со акцент на определени тековни постапки и кратко резиме за истите.

---

**Одделение за финансиски прашања**

Информација во врска со подготовка на Буџетот за 2019 година и Одлука за извршување на буџетот за 2019 година, кои се поставени како точки на дневен ред за Седницата на Советот на ден 28.12.2018 година.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со претстојните активности за нумерација на објекти и улици, со поставување на куќни броеви.

Информација во врска со потребата за изместување на несоодветно поставени сообраќајни знаци на тротоарски површини и санација на оштетена и неупотреблива сообраќајана сигнализација.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова Одделение.

---

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со тековните активности за асфалтирање на улици и делови од улици, динамиката и ефектот на реализација на самите активности, како и потребата од плаќање на определни фактури за завршени времени ситуации.

Информација во врска со тековните активности за кофинансирање на определени градежни активности на поедини месни заедници, со комплетирање на потребната докумантација за истите.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Информација во врска со изготвени извештаи за дисциплински постапки на административни службеници, за оценување на административните службеници, како и информации за текот на постапките по објавени огласи за вработување.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија</u>**

Информација во врска со добиен допис од СОУ „Ѓорче Петров“ за воведување на нова паралелка за медицински сестри, по кое што е постапено и истото е доставено до МОН за добивање на согласност.

Информација во врска со потребата од посета на соодветна обука за ангажираните образовни асистенти, со цел нивно сертифицирање, предвидена за 25 и 26 Јануари 2019 година.

Информација во врска со завршени проектни апликации од страна на вработените во ова одделение.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Информација во врска со подготовка на претстојната Седница на Советот на Општина Крива Паланка, закажана за ден 28.12.2018 година.

Информација во врска со распишани тековни и веќе завршени постапки за јавни набавки.

Информација во врска со динамиката на доставата на одбивни решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Информација во врска со објавен јавен оглас за давање под закуп на деловни субјекти или физички лица на објекти во сопственост на Општина Крива Паланка, лоцирани во с.Трново, с.Жидилово и на ул.„Свети Јоаким Осоговски“.

Информација во врска со потпишан договор за закуп за деловен простор во сопственост на општина Крива Паланка лоциран во с.Огут, заедно со изготвен записник за примопредавање и воведување во владение на закупецот.

Информација во врска со формирање на нова Комисија за увид на лице место во постапките за продажба на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Информација во врска со спроведени тековни увиди на лице место од страна на инспекциските служби во текот на изминатата работна недела, постапувајќи по поднесени барања од граѓаните, со акцент на активноста и динамиката на работа на овластениот комунален инспектор.

Информација во врска со активностите за чистење на решеткасти сливници, чистење на снег и лед од коловозни и тротоарски површини и други работни задачи и задолженија, кои што ги реализираат ангажираните општи работници.

Информација во врска со активностите на комуналните редари за достава на решенија за одбивање на барања за утрдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со изготвен Регистар на споменици, кој што е доставен до Одделението за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија.

Информација во врска со потребата за итно и неодложно потпишување на договор за утврдување на начинот и времетраењето на користењето на објектот во с.Градец.

Информација во врска со други тековни активности.

---

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**24.12.2018 година, Крива Паланка**